# Каде после основно училиште? Информации за начинот на запишување во јавните средни училишта за учебната 2026/27 година





# Пред тебе е важна одлука
# Се наоѓаш пред избор на училиште и занимање

За да го направиш вистинскиот избор, треба добро да размислиш за својата одлука.

- Размисли за себе, за своите интересирања, способности, потреби, желби....
- Запознај ги училиштата во кои можеш да се запишеш и занимањата за кои можеш да се образуваш



# КОИ ВИДОВИ НА УЧИЛИШТА ПОСТОЈАТ?

- Гимназии
- Средни стручни училишта
- Средни уметнички училишта
- Спортска гимназија
- Математичко-информатичка гимназија



# Треба да знаеш што сакаш

...дали по завршеното средно училиште сакаш да се вработиш...

... или по завршеното средно училиште сакаш ќе го продолжиш своето образование...

... или прво ќе завршиш средно училиште и ќе се стекнеш со некое занимање, а потоа ќе го продолжиш своето образование...



# ГИМНАЗИЈА



Гимназијата не оспособува за некое одредено занимање.

Гимназијата е училиште кое нуди широко општо образование и ги подготвува учениците за понатамошно образование на факултет.

Трае четири години.

# Средни стручни училишта

- Оспособуваат за работа, односно за разни занимања.
- Нудат можности за учење преку практична работа, дел од училиштата и преку дуално образование (зголемен обем на практична работа во компании со кои училиштето соработува)
- Даваат можност за продолжување на образованието.
- Образованието во нив трае 3 или 4 години зависно од образовниот профил.



# Потребни документи за запишување:

- ✓ пријава за запишување (можете да ја генерирате со печатење на електронска пријава преку системот за е-услуги);
- ✓ извод од матичната книга на родените (без оглед на датумот на издавањето – оригинален документ);
- ✓ оригинални свидетелства од VI до IX одделение;
- ✓ дипломи, (доколку имате) од освоено I, II или III место од меѓународен натпревар и/или освоено I место на државен натпревар



# Потребни документи за запишување:

- ✓ за запишување во Спортска академија треба да се достави и потврда за способности за спортски вештини за спортот за кој ученикот е проверуван;
- ✓ за запишување во Математичко-информатичка гимназија треба да се достави и потврда за положен приемен испит со број на освоени поени по математика и физика;
- ✓ за запишување во програма за меѓународна матура во СУГС „Јосип Броз Тито“ потребните документи и сите други информации ќе бидат објавени на огласната табла во училиштето.



# Критериуми за избор на учениците се:

- среден успех на ученикот од VI до IX одделение;
- среден успех на ученикот постигнат по четири предмети (мајчин јазик, англиски јазик и два предмети што се од значење за струката);
- дипломи за освоено I, II или III место на меѓународен натпревар, како и освоено прво место на државен натпревар  организирани од акредитирани здруженија од Министерство за образование и наука;
- средна вредност од поени добиени за поведение од VI до IX одделение.

# Посебни услови

1. За учениците кои се пријавуваат за упис во Спортската академија покрај горенаведените критериуми за избор, се вреднуваат и способностите за спортски вештини согласно Законот за Спортска гимназија.

2. За учениците кои се пријавуваат за упис во Математичко – информатичката гимназија покрај горенаведените критериуми за избор, се вреднуваат и освоените поени од приемниот испит по математика и физика согласно Законот за Математичко – информатичката гимназија

3. Во средното уметничко образование (музичко, балетско и ликовно) и спортската гимназија, училиштата утврдуваат дополнителни критериуми.

# Посебни услови

Во училиштата каде што се пријавуваат поголем број ученици кои ги исполнуваат предвидените услови од планираниот број предвиден во конкурсот, се организира квалификационо тестирање по наставниот материјал од осмо и деветто одделение по следните наставни предмети и тоа:

- за гимназиско образование - мајчин јазик и математика;
- за здравствена струка - биологија и хемија,
- за другите струки - мајчин јазик и математика.

## Како се пресметуваат бодовите?



**За средниот успех од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу 50 поени (општиот успех од шесто, седмо, осмо и деветто одделение се собира, се дели на четири и истиот број се множи со коефициент 10).**

За средниот успех постигнат од четирите предложени наставни предмети (два наставни предмети задолжително за сите видови образование и два предмети што се значајни за струката), ученикот може да добие најмногу 20 поени (5 поени за секој предмет).

**Како се пресметуваат бодовите?**



**За средна вредност од поените за поведение од VI до IX одделение, ученикот може да добие најмногу 5 поени. (Примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение се вреднува со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделен со 4).**

За освоено место од меѓународни и државни натпревари ученикот може да добие:

- За освоено прво место од меѓународни натпревари -5 поени, второ место-4 поени и трето место-3 поени.
- За освоено прво место од државен акредитиран натпревар – 3 поени.

## Наставни предмети од основното образование кои се предвидени во критериумите за рангирање на успехот на учениците

**Задолжителни предмети**

Мајчин јазик
Странски јазик



# Наставни предмети од значение за струката – стручно образование

| Струка | Предмети |
|---|---|
| Геологија, рударство и металургија | математика , физика |
| Градежништво и геодезија | математика , физика |
| графичарство | хемија , ликовно образование |
| Економија, право и трговија | математика , историја |
| електротехника и информатички технологии | математика , физика |
| Здравство и здравствена заштита | биологија , хемија |
| земјоделство, рибарство, ветеринарство | биологија , хемија |
| лични и други услуги | биологија , хемија |
| машинство | математика , физика |
| сообраќај,транспорт, складирање | математика , физика |
| Текстил, кожа и други производи | математика , хемија |
| угостителство и туризам | биологија , географија |
| Хемија и технологија | математика , хемија |
| шумарство и обработка на дрво | математика , биологија |



## Наставни предмети од значение за струката – гимназиско образование

| | Предмети |
|---|---|
| **Гимназиско образование** | математика , историја |
| **Математичко-информатичка гимназија** | математика , физика |
| **Спортска гимназија и Спортска академија** | биологија , физичко и здравствено образование |



# Наставни предмети од значение за струката – уметничко образование

| **Насока** | **Предмети** |
|---|---|
| применета ликовна уметност | ликовно образование , историја |
| музичка уметност | музичко образование , историја |
| балетска уметност | музичко образование<br>физичко и здравствено образование |



# Конкурсни рокови

Пријавувањето и запишувањето  на учениците ќе се врши во јунски уписен рок со две пријавувања и во августовски уписен рок со едно пријавување за оние ученици кои од разни причини не успеале да се запишат во јунскиот уписен рок.

Пријавувањето на учениците ќе се врши електронски, преку порталот  Uslugi.gov.mk со посебна најава за учениците преку сопствените кориснички сметки на schools.mk

# Конкурсни рокови - јунски уписен рок

**Првото електронско пријавување** на учениците ќе се врши од 00:00 часот на 12 јуни до 23:59 часот на 15 јуни 2026 година.

Доставувањето на потребната документација до училиштето е на:

-16 јуни 2026 година од 8:00 до 19:00 часот

-17 јуни 2026 година од 8:00 до 15:00 часот

Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места секое училиште ја објавува на 18 јуни 2026 година најдоцна до 12:00 часот на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страница.

Квалификациското тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 22 јуни 2026 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават истиот ден на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страница.

# Конкурсни рокови - јунски уписен рок

**Второто електронско пријавување** на учениците ќе се врши на 23 јуни 2026 година од 00:00 до 23:59 часот.

Доставувањето на потребната документација до училиштето е на 24 јуни 2026 година од 08:00 до 15:00 часот.

Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места секое училиште ја објавува на 25 јуни 2026 година, најдоцна до 12:00 часот на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страница.

Квалификациското тестирање за второто пријавување ќе се организира во училиштата за средно образование на 29. јуни 2026 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават истиот ден на јавно место во училиштето.

# Конкурсни рокови - августовски уписен рок

**Електронското пријавување** на учениците ќе се врши на 20 август 2026 година од 00:00 до 15:00 часот и тоа само во училиштата каде што има слободни места.

Доставувањето на потребната документација до училиштето е на 21 август 2026 година  од 08:00 до 14:00 часот.

Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места секое училиште ја објавува истиот ден, најдоцна до 19:00 часот.

# Важно

**По објавување на конечната ранг листита со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 24 часа, а училиштата имаат обврска да ја вратат целокупната документација на учениците во рок од 24 часа.**

Повеќе информации за начинот на запишување во средно училиште, видот на средните училишта, струките и бројот на потребни бодови за секоја струка или насока, може да најдете на веб-страната на Министерството за образование и наука (www.mon.gov.mk) , каде е објавен Конкурсот  за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2026/2027 година во Република Северна Македонија.



Вашиот училишен психолог
Андријана Тасевска